Канцеларија на Специјалниот претставник
и координатор за борба против трговија со луѓе



# Трудова експлоатција во земјоделскиот сектор

## Заклучок

# 4. Заклучок

Општите карактеристики на земјоделството и скорешните трендови на глобализација и емиграција во комбинација предизвикаа земјоделските работници да бидат особено ранливи на експлоатација и трговија со луѓе. Земјоделскиот работник којшто е жртва на трговија со луѓе е и жртва на кривично дело и работник. Во многу случаи, тој или таа е исто така непријавен емигрант. Борбата против трговијата со луѓе во земјоделскиот сектор ќе бара не само идентификување и судско гонење на кривични случаи, туку исто така и спроведување на работничките права општо земено, без оглед на емиграцијата или статусот на вработеност. Средствата постојат – во облик на и меѓународни правни стандарди и примери за ефективна практика – за промовирање на сеопфатна кампања против трговијата со луѓе заради трудова експлоатација во земјоделскиот сектор. Сепак, државите учеснички треба да бидат подготвени да посветат ресурси и внимание на машинеријата за спроведувањето на работничките права (инспектори, трибунали, административни канали) како и за едукација на работодавачите, работниците и трудовите вработувачи во врска со овие права. Нагласувањето на работничките права треба да им помогне на државите учеснички да им посветат внимание на структурните причини, да ја намалат ранливоста на работниците и да спречат ситуациите да се развијат во случаи на трговија.

Врз основа на прашањата истакнати во овој документ и работата извршена од страна на КСП на оваа тема, може да се повтори препораката дека:

*„националните политики и програми треба да ги земат предвид сите различни појавности на трговијата со луѓе а на државите учеснички им се препорачува да развијат одговори коишто се грижат за разликите во природата на ранливостите на различните групи на трговија со луѓе; употребата на различни видови присилни и забранети средства за постигнување контрола над жртвите; широкиот дијапазон на експлоататорски околности на коишто се подвргнати луѓето и различните потреби коишто ги имаат жртвите поради разликите во возраста, полот, или видот експлоатација итн. Ефективното и сеопфатното справување со овој степен на сложеност е предизвик така што одговорите на владите на трговија со луѓе треба да се надоградуваат врз интердисцилинираното знаење и експертиза“.*[95]

95 OSR 2007 Report *A Platform for Action* (Извештај на КП од 2007 година *Платформа за акција).*